Интегрирано спречување и контрола на загадувањето

ВО БЕТОНЕРКА „ОРИЗАРИ“ - ОРИЗАРИ



БАРАЊЕ ЗА ИЗМЕНА ИЛИ УПИС НА НОВОПОСТАВЕНА ОПРЕМА ВО ПОСТОЈНА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

СОДРЖИНА

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ 3

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИI 12

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА 20

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА 21

V ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД 29

VI ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА 30

VII ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА..... 33

VIII ЕМИСИИ ВО ПОЧВА..... 34

IX ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ..... 34

X БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ..... 34

XI ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ 35

XII ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ 35

XIII СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ..... 36

XIV РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ 37

XV РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ..... 37

XVI ИЗЈАВА..... 39

***ТАБЕЛИ* 40**

АНЕКС 1 55

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на компанијата	КАЛИНА ДООЕЛ Оризари Подружница 1 Оризари-Кочани
Правен статус	Друштво со ограничена одговорност едно лице
Сопственост на компанијата	Приватна сопственост
Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата)	ул. “29 ноември“ бр. 48, Оризари, Кочани
Број на вработени	-Вкупен број на вработени 17 - Број на вработени на инсталацијата 2
Овластен претставник	Димитрија Јорданов, управител
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето	3. Индустрија на минерали 3.3 Стационарни бетонски бази во вкупен капацитет на силосите за цемент поголем од 50 m^3
Проектиран капацитет	90 m^3/h

I.1 Вид на барањето

Обележете го соодветниот дел

Нова инсталација	
Постоечка инсталација	**X**
Значителна измена на постоечка инсталација	
Престанок со работа	

I.2 Орган надлежен за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола

Име на единицата на локална самоуправа	Општина Кочани
Адреса	Ул. Раде Кратовче бр 1
Телефон	033 274 013 лок. 118

ВОВЕД

Постапувајќи во согласност со Правилник за постапка за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола (Сл. Весник бр. 112/2014 и бр. 42/16), чл.11, ја изработивме оваа документација потребна за Барање за измена или упис на новопоставена опрема во постојна Б-интегрирана еколошка дозвола.
Во согласност со постојната Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-184, од 12.03.2024, точка **Промени во Дозволата**, го доставуваме ова писмено известување за деталите на предложената промена, со означување на релевантниот дел од Дозволата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Уп 1 број : 22-184
18.03.2024год.
Кочани

Врз основа на член 122, член 123 став 1 и член 127 став 2 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 146/15, 192/15 и 39/16), Градоначалникот на Општина Кочани, постапувајќи по Барањето на **„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари** Подружница 1 Оризари - Кочани адреса: ул. „29 ноември” бр.48 - Оризари 2300 Кочани за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број УП1 бр. 22 - 184 од 02.10.2023 год. донесува:

РЕШЕНИЕ
за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола

1. СЕ УСВОЈУВА барањето на **„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари** Подружница 1 Оризари – Кочани адреса: ул. „29 ноември” бр.48 – Оризари 2300 Кочани, за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број УП1 бр. 22 - 184 од 02.10.2023 година.

2. СЕ ИЗДАВА Б-интегрирана еколошка дозвола на **„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари** Подружница 1 Оризари – Кочани адреса: ул. „29 ноември” бр.48 - Оризари 2300 Кочани за инсталација со примарна дејност – производство на готова бетонска маса за градежни цели и механичарски работи.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот, оператор на инсталацијата, **„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари** Подружница 1 Оризари – Кочани адреса: ул. „29 ноември” бр.48 - Оризари 2300 Кочани, до Градоначалникот на Општина Кочани поднесе Барање под број УП1 бр. 22-184 од 02.10.2023 год. за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, за инсталација со примарна дејност - производство на готова бетонска маса за градежни цели и механичарски работи.

Во предметното Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола се содржани податоци и опис на инсталацијата и нејзините технички активности, податоци за суровините, отпадот, емисиите, мониторингот, табеларни прикази и прилози, врз основа на што се димензионирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина и усогласени се активностите со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина.

По доставеното комплетно Барање, извршен е увид на инсталацијата од страна на овластениот инспектор за животна средина, заради утврдување на усогласеноста на проектната документација со фактичката состојба.

Бидејќи операторот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, Градоначалникот на Општина Кочани одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до Министерот за животна средина и просторно планирање.

Жалбата се таксира со уплата на 250,00 денари на трезорска сметка на НБРМ бр. 100000000063095,
упл.с/ка 840-136-03182,
цел на дознака Административни Такси, прих. шифра 722 315 00

Доставено до:

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Овластен инспектор за животна средина
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Кочани, 18.03.2024 година
(населено место) (ден и месец)

Изработил,
ЉС

ОПШТИНА КОЧАНИ
по овластување на Градоначалникот
Бр. 08-8/4 од 03.05.2023 год.
Раководител на сектор за урбанизам,
заштита на животната средина и
комунални работи

Дијана Цековска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

„КАЛИНА“ ДООЕЛ Оризари
Подружница 1 Оризари - Кочани

Нацрт Б - интегрирана еколошка дозвола
Дозвола бр. 22-184

Општина Кочани во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/2010, 51/11, 123/12,93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22), го овластува:

КАЛИНА ДООЕЛ Оризари
-Подружница 1 Оризари-Кочани

Со регистрирано седиште на
Адреса: **ул. „Царка Ѓеоргиева“ бр. 6, Оризари, Кочани**
Општина: **Кочани**
Поштенски број, Град: **2300 Кочани**
Држава: **Република Северна Македонија**

Број на регистрација на компанијата: **5387981**
да раководи со Инсталацијата во рамките на Дозволата и условите во неа
Целосен назив на инсталацијата:
Друштво за производство, трговија и услуги „ КАЛИНА “ ДООЕЛ Кочани
Адреса: **ул. „Царка Ѓеоргиева“ бр. 6, Оризари, Кочани**
Општина: **Кочани**
Поштенски број, Град: **2300 Кочани**
Држава: **Република Северна Македонија**

ОПШТИНА КОЧАНИ
по овластување на Градоначалникот
Бр. 08-8/4 од 03.05.2023 год.
Раководител на сектор за урбанизам,
заштита на животната средина и
комунални работи

Дивна Цековска

Датум
12.03.2024

Општина Кочани
ул. „Раде Кратовче“ бр.1
2300 Кочани



Во рамките на промени во работењето на инсталацијата се однесува внесување на една нова технолошка линија за производство на бетон.
Бидејќи веќе постојната постројка е застарена и хаварисана и затоа е отстранета од употреба, на нејзина непосредна близина од околу 25 метри, во 2026 година е монтирана нова постројка Нова бетонска база.
Внесувањето на новата технолошка линија за производство на бетон е во рамките на местоположбата на локацијата каде е поставена постојната инсталација и простор на кој се вршат активностите со површина од 4.035 m^2.







Слики на новопоставената опрема за производство на бетон која треба да биде внесена во постојната Б-интегрирана еколошка дозвола.

Податоци:

Производител: ДОМИ - Грција
Капацитет на бетон: 90 m^3/h
Зафатнина на силосите: 2 x 60 m^3

Бетонската база располага со следнава опрема:

1. Мешалка за мешање на бетон
   - зафатнина на полнење..... 2 m^3
   - погонска снага на роторот .....37 kW
2. Капацитет на боксовите за агрегати.....4 x 25 m^3 = 100 m^3
3. Лентест транспортер за транспорт на агрегати
   - должина.....20 m
   - електромотор.....11 kW

5. Бункер за мерење на цемент
6. Бункер за тежина на вода
7. Бункер за мерење на адитиви
8. Пумпа за адитиви
9. Систем за воздух и компресор
10. Автоматски систем..... (PC&PLC)



Сл.1 – Координати на локацијата на новата Бетонска база според Националниот координатен систем: X 7620760; Y 4641837; Z 358.

Спрема нашата проценка, сметаме дека предложената промена нема да претставува како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИI

II.1 Историски развој на компанијата

Фирмата ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ е формирана на 25.12.1999 година.
Главна дејност на фирмата е вадење на чакал и песок; глина и каолин.
Фирмата ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ има регистрирано свои: Подружница 1 Оризари-Кочани, на која се води инсталацијата Нова бетонска база „Оризари" и Подружница бр. 2 Нова бетонска база и Сепарација - Виница.

II.2 Опис на постројката, постапките за работа на постројката за производство на бетон

II.2.1 *Кратка историја на инсталацијата Нова бетонска база „Оризари"*

Постројката Стара бетонска база „Оризари", изградена е 1980 година од страна на на ГД ГРАНИТ АД – Скопје, според југословенска технологија на Фаграм Смедерево. Предадена е во употреба на ГД ГРАНИТ АД - Скопје во 1980 година со инсталиран капацитет од 20 m^3/h, или 40 тони/час, притоа во 2012 година е предадена на употреба на Гаматроникс ДООЕЛ Скопје. Во 1992 година се извршени одредени поправки и додавања на постројката заради подобрување на работата. Капацитет на силоси со цемент вкупно е 40 m^3. Од 2022 година, Старата бетонска база „Оризари", е во сопственост на ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ, ул. "Царка Ѓеоргиева" бр. 6, Оризари, Кочани.
Бидејќи оваа постројка е застарена и хаварисана и затоа е отстранета од употреба, на нејзина непосредна близина од околу 25 метри, во 2026 година е монтирана нова постројката - Нова бетонска база „Оризари", која исто така е во сопственост на ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ, ул. "Царка Ѓеоргиева" бр. 6, Оризари, Кочани.

II.2.2 Локација на Новата бетонска база „Оризари"

Новата бетонска база „Оризари" е постројка за производство на бетон за градежништво и е сместена на вкрстувањето на сообраќајниците Оризари-Виница и Кочани-Виница. Инсталацијата се наоѓа на 1,5 km оддалеченост од селото Оризари - Кочани, јужно од регионалниот пат Оризари - Виница.
Градена е по стандарди од аспект за квалитет на производ и најмало можно влијание на околината.
Инсталацијата Нова бетонска база „Оризари" претставува засебна урбанистичка и организациона целина, во однос на поставеноста на објектите и затворениот технолошки процес за производство на бетон. Во однос на околните објекти, локацијата на Нова бетонска база „Оризари" го има следново опкружување:

- од север граничи со регионален пат Оризари - Виница
- од исток со обработливо земјиште и индивидуален објект гаража

- од југ со обработливо земјиште и патот Кочани - Виница
- од запад со обработливо земјиште.

Од селото Оризари Бетонската база „Оризари“ е оддалечена 1,5 km.
Предметниот простор на инсталацијата физички е потполно ограден со ограда од север, исток, југ и запад.
Со ваква поставеност спречен е пристапот на неовластени лица во инсталацијата на Нова бетонска база „Оризари“.
Целовкупниот приказ на локацијата е даден во Прилог II.2.2: Простор што го зафаќа инсталацијата.

II.3 Технолошки процес на производство на бетон

II.3 .1 Општо

Да се произведе добар и квалитетен бетон не е едноставна и лесна работна активност. Чакалот, песокот и евентуално различните дополнителни материјали (чии димензии се движат од делови на микрометар, па се до неколку сантиметри), заедно ја сочинуваат основата на бетонот, се подложни на едни услови на мешање, додека водата, воздухот и воденатa пареа се подложни на други услови на мешање.

II.3.2 Технологија на подготовка на бетон

Во современото градење припремата на бетонска мешавина се врши исклучиво по машински пат, при што, оваа постапка се сведува на мешање и дозирање на компонентните материјали, со цел да се добие хомогена маса. Оваа операција се изведува во специјално организирани градбени пунктови или во посебни фабрики за бетон, кои се во состојба да снабдат и повеќе од едно градилиште со бетон. Одвоеното мешање на смесата покажува дека мешањето на цемент и вода во паста пред додавањето на агрегатот, ја зголемува цврстината на бетонот на притисок. Пастата би требало да се меша при големи брзини во посебни миксери, а потоа така спремената мешавина да се соедини со агрегатот и остатокот на вода, во класични миксери. При мешањето на портланд цемент со вода, се добива пластично цементно тесто - цементна паста - која со време почнува да ја менува агрегатната состојба и да преминува во цврста супстанца. Причина за оваа промена на агрегатната состојба е хидратацијата - комплексен физичко хемиски процес, чија суштина ни ден денес не е објаснета. Времето на врзување на цементот обично се дефинира како временскиот период од моментот на мешање на цементот и водата, па до моментот кога цементната паста го губи својството на пластичност. Додека врзувањето на цементот се завршува релативно брзо, процесот на оцврснување не се завршува, тој трае неколку месеци до неколку години. Тој процес не е рамномерен, во почетокот е многу интензивен, а потоа успорува и асимптотски се приближува кон одредена гранична вредност.

II.3.3 Опис на процес на производство на бетон


Постројката Нова бетонска база „Оризари“ се снабдува со дробен агрегат од рудник Механизација ДОО Зрновци, со цемент од цементара Титан Скопје, со вода од градски водовод од Кочани, а со додатоци-адитиви од Адинг Скопје.

Од четири одделни бункери, се врши дотур на дробен агрегат со транспортна лента за дозирање. Агрегатот е поделен спрема барани фракции 0-4, 4-8, 8-16 и 16-31,5 mm. Пневматски вентили кои ја регулираат тежината (количината) на вага од секоја фракција која се испушта во количка според зададена рецептура. Вагата е повеќестепена и дава команда на пневматските вентили да затворат односно отворат штом ќе се измерат зададените количини. Едно полнење со дробен агрегат е околу 4.000 kg. Во исто време се врши транспорт на цемент со полжест транспортер до вагата за цемент. После добиена команда од вагата за постигната тежина, се затвора вентилот за дотур, а се отвара вентилот за испуштање на цементот во мешалката. На водомерот автоматски се отвора вентил за проток на вода, а после достигната мерка за количина на вода се затвора вентилот. Адитивите се додаваат рачно со мерен сад додека тече некој од претходните чекори на дозирање. Мешалката се вклучува автоматски и мешачот меша неполна минута, после кое се испушта припремениот бетон.


Миксерот-камион е претходно паркиран под испустот од мешалката за готов бетон.

После повеќе циклуси на мешалката за спремање на бетон се додаваат неколку литри вода на крајот од полнењето на миксерот за да се одржи влажноста во миксерот. Миксерот врти цело време за да не дојде до зацврстување на масата при транспорт до потребната дестинација каде ќе се вгради бетонот.

Целовкупниот процес на производство на бетон претставен дијаграмски е даден на сл. 2.



Сл. 2 – Дијаграм на технолошкиот процес на производство на бетон



Сл. 3 - Шема на Нова бетонска „Оризари“

II.3.4 Опрема

Главни компоненти на системот

Постројката за мешање бетон може да се подели на следниве главни системи:

- Систем за складирање на материјали
- Систем за мерење на материјал
- Систем за пренесување на материјали
- Систем за мешање
- Контролен систем
- Пневматски систем
- Системи за отстранување прашина

Овие системи и нивните компоненти се опишани подетално подолу.
Систем за складирање на материјали: камен-темелник на производството на бетон
Системот за складирање на материјали е камен-темелник на фабриката за мешање бетон и е одговорен за складирање на сите суровини потребни во процесот на производство. Овој систем се состои од систем за складирање на агрегат, систем за складирање на прав, систем за складирање на вода и систем за складирање на адитиви.

- Систем за складирање на агрегати

Системот за складирање на агрегати е дел од машината за мерење на агрегати и обично се состои од четири бункери за складирање на различни видови агрегати. Агрегатите се вчитуваат во бункерите за време на процесот на производство и чекаат да бидат измерени и транспортирани до мешалката.

- Системи за складирање на цемент

Системите за складирање на цемент главно се користат за складирање на материјали како што се цемент, минерални прав и летечка пепел.
Во нашиот случај без исклучок се користат за цемент.

- Складирање на вода и адитиви

Резервоарот за вода се користи за складирање на водата потребна за производство на бетон и нивниот капацитет е прилагоден според производствениот капацитет и изнесува 30.000 литри. Резервоарите за складирање на адитиви се користат за складирање на различни адитиви за да се задоволат потребите на различни формулации на бетон.

- Точни системи за мерење на материјали се клучот за обезбедување квалитет

Точното мерење на материјалот е клучно за обезбедување на квалитетот на бетонот за време на процесот на производство. Системите за мерење на материјал вклучуваат системи за мерење на агрегати, системи за мерење на прав, системи за мерење на вода и системи за мерење на адитиви. Овие системи обезбедуваат точно пропорционирање на секој материјал преку клучни компоненти како што се инки за мерење, оптоварувачки ќелии и пневматски вентили.

- Инки за мерење: се користат за централизирање на мерењето на секој вид материјал.

- Товарна ќелија: обезбедува точност на мерењето и е клучна компонента во целиот процес на мерење.

- Пневматски вентили: го контролираат приливот и одливот на материјал.

Системите за мерење на агрегати можат да бидат или кумулативни системи за мерење или индивидуални системи за мерење, кои се наоѓаат под кутијата за мерење на агрегати. Главната компонента на системот за мерење на прав е инка за мерење на прав, која се користи за привремено складирање на прашкастиот материјал што чека да се измери. Инките за мерење на вода и адитиви се наоѓаат директно над постројката за мешање и се користат за прецизно мерење на вода и адитиви.

- Ефикасен систем за ракување со материјали: врската помеѓу различните фази

Системот за транспорт на материјали е врската помеѓу складирањето, мерењето и мешањето. Се состои од систем за транспорт на агрегати, систем за транспорт на прав, систем за транспорт на вода и систем за транспорт на адитиви.

- Систем за пренесување на агрегат: обично се користи лента за транспорт или кофа-лифт, а соодветна опрема се избира според обемот на проектот.

- Систем за пренесување на прав: главно преку завртка за хоризонтално или вертикално пренесување.

- Систем за пренесување на вода: водата се транспортира од резервоарот за вода до бункерот за мерење со пумпа.

- Систем за пренесување на адитиви: слично на пренесувањето на вода, адитивот ќе се пренесе до соодветната позиција со пумпа.

- Систем за мешање: срцето на производството на бетон

Системот за мешање е јадрото на постројката за мешање бетон, а нејзината главна опрема е миксер. Според структурната форма, миксерот е принуден миксер. Принудниот миксер се користи поради неговите супериорни перформанси.

- Контролен систем: мозокот на мешалката

Контролниот систем е мозокот на постројката за мешање бетон, кој е одговорен за координирање и управување со целиот производствен процес. Овој систем вклучува компјутер (горен компјутер), програмабилен логички контролер PLC (долен компјутер), инструмент за дозирање, електричен уред за напојување и така натаму.

- Пневматски систем и систем за отстранување прашина: обезбедување безбедност и заштита на животната средина

Пневматскиот систем и системот за отстранување на прашина се важни компоненти за да се обезбеди безбедноста и заштитата на животната средина на мешалката. Системот за отстранување на прашина, од друга страна, ги намалува емисиите на прашина преку собирачи на прашина и цевки за отстранување на прашина за да се заштити животната средина и здравјето на работниците.

Заклучоци

Накратко, постројката за мешање бетон се состои од неколку целосно функционални компоненти, од кои секоја има свое уникатно значење во целиот процес на производство. Разбирањето на овие компоненти и нивните функции не само што помага да се подобри ефикасноста на производството, туку и го обезбедува квалитетот на производот.



Сл. 4 - Нова бетонска база „Оризари“



Сл. 5 - Трикоморен таложник за отпадни води од процесот

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

III.1 Организациска шема

ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ е организирана како Друштво со ограничена одговорност едно лице, во кое организацијата е управувана од Управител.

ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ е организирана на основа на воспоставената структура и согласно дејноста.

Структурата на организацијата на ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ ја сочинуваат:

- Организационите единици кои остваруваат функции и реализираат работни процеси од регистрираната дејност на ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ, независни едни од други, а координирани од управителот на фирмата.

Структурата на организацијата обезбедува:

- Дефинирани овластувања, одговорности и обврски на персоналот за реализација на процесите и системот за управување со квалитетот, животната средина и безбедност и здравје при работа,
- Реализација на процесите,
- Реализација на системот за управување со квалитетот, животната средина и безбедност и здравје при работа,
- Внатрешни врски и комуникации на персоналот,
- Надворешни врски и комуникации на персоналот со купувачите, инвеститорите, добавувачите и соработниците.

Структурата на организацијата ја дефинира управителот на ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ.

Во рамките на инсталацијата, одговорноста за реализација на процесите ќе биде на 2 вработени и 1 раководител на инсталацијата.

III.2 Политика за животна средина

Управителот, во соработка со раководителите одговорни на процесите, се одговорни за заштита на животната средина и постојано подобрување на работните процеси и производите, ја дефинираат Политиката за животна средина на ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ.

Политиката за заштита на животната средина го изразува разбирањето, определбата, стратегијата и одговорноста на раководството за обезбедување на услови за работа кои нема да претставуваат никаква опасност за загадувањето на животната средина.

Сите вработени во КАЛИНА ДООЕЛ ОРИЗАРИ мораат, без отстапки и во секој момент да ги исполнуваат барањата на Системот за управување на животната средина. Отстапување од обврските пропишани во Постапките за управување на животната средина, може да доведе до сериозни последици по животната средина во која претпријатието функционира, а со тоа и до несогледливи последици по угледот на инсталацијата.

Угледот на ДГПТУ "КАЛИНА ДООЕЛ"-ОРИЗАРИ во опкружувањето во кое стопанисува, не смее да биде загрозен во ниеден момент и поради тоа секое отстапување од обврските пропишани во Постапките за управување на животната средина ќе биде строго санкционирано.

III.3 Одговорно лице за прашања од животна средина (Претставник за животна средина):

Име и презиме:	Димитрија Јорданов, управител
Телефон мобилен:	+389 78/209 800
Е-маил:	kalinaorizari@yahoo.com

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

IV.1 Суровини и помошни материјали кои што се користат во Нова бетонска база „Оризари"

Основни суровини за производство на бетон се: цемент, агрегат, додатоци и вода. Од цементот и вода со хидратација настанува цврста желатинозна маса која ги слепува додадените материи (агрегати) притоа градејќи вештачки камен кој се нарекува бетон. Хидратацијата делува пред се' зацврстувањето на свежиот бетон во цврст бетон. Зацврстувањето, постигнувањето на цврстина се продолжува за еден подолг временски поериод. Агрегатот, цементот, водата и додатоците се мерат на вага и се додаваат во бетонска мешалка. После кратко мешање се испушта во транспортно средство камион мешалка со кое се транспортира свежиот бетон до бараната дестинација.

Суровини и помошни материјали кои се користат се следните материјали: цемент, агрегат, додатоци и вода.

Суровини и помошни материјали потребни за годишно производство на бетон:

Суровина	Потрошувачка	
Цемент	228 тони	
	Фракција	Потрошувачка
Речна песок	I 0-4 mm	3550 m^3
Дробен камен	II 4-8 mm	1475 m^3
	III 8-16 mm	1300 m^3
	IV 16-31,5 mm	175 m^3
Вкупно камен агрегат	6500m^3	
Суперфлуид	200 litri	
Хидрозим	80 litri	

IV.2. Опис и листа на готови производи

Листа на готови производи кои може да се произведуваат:

Ред. бр.	Типови на бетон		
1	Готов бетон МБ 15	4	Готов бетон МБ 30 пумпан
2	Готов бетон МБ 20	5	Готов бетон МБ 40
3	Готов бетон МБ 30	6	Сув малтер

Примена на готовите производи

Произведениот бетон се користи во градежништвото за изградба на патишта, згради, темели, мостови, камени блокови. Бетонот ги зачувува своите механички својства при високи температури и е отпорен на дејство на хемиски реагенси.

МБ 15 - Слаб (сиромашен со цемент) бетон кој обично се користи за тампонирање на патишта, а потоа врз него се додава солиден бетон.

МБ 20 - Солиден бетон, за бетонирање, како втор слој после МБ15, за ивичници на улици и патишта кој треба да има солидна издржливост на разни услови на експлоатација.

МБ 30 - Солиден бетон, за плочи, за ѕидови.

МБ 40 - Солиден бетон, за плочи, за ѕидови, за резервоари и др.

Сув малтер - За малтерисување на ѕидови.

Согласно типот на производство, во случајот имаме производство на бетон кој мора да се искористи во времето кога се изготвува, па нема складирање на количество бетон (на залихи).

IV.3 Листа на горива (енергенси):

- Електрична енергија

  Електрична енергија се набавува од градската дистрибутивна електрична мрежа од Скопје, од ЕВН Македонија АД Скопје.

  Комплексот има сопствена трафостаница за задоволување на своите потреби од електрична енергија. Истата е проектирана согласно стандардите за ваков вид на објекти.

  За одвивање на технолошкиот процес во Бетонската база Оризари годишно е потребно околу 15.000 kW електрична енергија.

- Нафта

  Нафта, се користи како погон за работа на утоварната лопата.

  Нафтата се набавува од Макпетрол Скопје. Нафтата се карактеризира со следниве физичко хемиски особини.

Бр.	Карактеристики	Вредности	Тест метода
1.	Густина на 15 °C , g/cm³	Одредена, не достапна	EN ISO 3675-95
2.	Цетане,индекс,непомалку од	45	EN ISO 4264-96
3.	Дестилационен опсег °C Надоместен на 50%,не повеќе од, зима ... // ... 90% не повеќе од,зима ... // ... 95% не повеќе од,зима	 280 345 360	 ISO 3405-88

4.	Кинематички вискозитет на 20 °C, mm²/s	2,5-8,0	ISO 3104-76
5.	Сулфур % wt, не повеќе од	0,2	ISO 8754-92
6.	Темна точка °C, не повеќе од - лето - зима	/ -5	EN 23015-98
7.	Ладно филтрирана ударна точка(CFPP),°C не повисока од - лето - зима	15 -5	EN 116-83
8.	Точка на сјаење,°C непониска од	55	ISO 2719-88
9.	Пепел,% wt, не повеќе од	0,02	ISO 6245-82
10.	Остаток на јаглерод на 10% дестилација,% wt,не повеќе од	0,02	ISO 6615-93
11.	Бакар корозиона линија (3 часа на 50°C) не повеќе од	2	ASTM D 130-94
12.	Механички нечистотии и вода, % wt, не повеќе од	0,05	ASTM D 1796-97
13.	Обојување, не повеќе од	2	ASTM Д 1500

IV.4 Опис на суровини

Цемент

Цемент е хидраулично минерално врзивно средство кое се добива со мелење на Портланд цементен клинкер, кој пак се добива со печење на варовник и глина на температуре од 1350-1450 °C. Британскиот инженер Џозеф Аспдин го патентирал Портланд цементот 1824 год., а наречен е по варовничката карпа на островот Портланд во Гол. Британија заради сличноста на бојата. Покрај портланд цементниот клинкер, за чие добивање се користи мешавина на варовник и глина во однос 3:1 (однос на масите), во цементот редовно е присутна и мала количина на гипс (до 5%) која се додава заради регулирање на времето на врзување на цементот. Портланд цементот го карактеризира сразмерно константен хемиски состав и тоа: CaO(врзан) 62-67%, SiO_2 19-25%, Al_2O_3 2-8%, Fe_2O_3 1-5%, SO_3 најмногу 3-4,5% , CaO (неврзан) најмногу 2%, MgO најмногу 5%, алкалии (Na_2O и K_2O) 0,5-1,3%. Цементите воопшто се делат на видови и класи. Видови претставуваат категории на цемент во зависност од составот и технологијата на производство, додека класите на цемент ги означуваат нивните механички карактеристики. Се делат во две основни групи: цементи на база на портланд цементен клинкер и на останати - специјални видови на цемент.

Вода

Водата претставува неопходна компонента на секоја бетонска мешавина, бидејќи само во нејзино присуство е можно да се одвива процесот на хидратација на цементот. Покрај ова, водата во свежиот бетон значајна е како компонента со која се остварува потребниот вискозитет на бетонската смеса, односно како компонента која овозможува ефикасни вградување и завршна обработка на бетонот. Водата за припрема на бетонот не смее да содржи состојки кои можат неповолно да влијаат на процесот на хидратација на цементот, исто така

ниту такви состојки кои можат да бидат причина за корозија на арматурата (челикот) во армирано бетонски конструкции. Водата за пиење практично секогаш ги задоволува наведените услови, па таа може да се употребува за припрема на бетон и без посебно докажување на соодветноста на намената. Меѓутоа, во сите останати случаи мора да се приложат докази за квалитетот на водата за бетон.

Агрегат

Агрегатот учествува со 70-80% во вкупната маса на бетонот и од неговите карактеристики зависат и својствата на бетонските смеси и својства на оцврснатиот бетон. За припрема, потполно рамномерно се користат како природни песок и крупничав песок (шљунак), така и дробен материјал. Секако, во обзир доаѓа и мешавина на сепариран шљунак, односно песок и дробен агрегат. Дробениот материјал по правило е поскап, па на природниот секако речниот во практиката и најчесто му се дава предност. Природниот материјал, заради заобленоста на зрната многу поповолно влијае на вградливоста и обработката на бетонските смеси. Меѓутоа и дробениот материјал има одредени предности, тој во петрографска смисла е многу похомоген, а тоа условува многу помала концентрација на напонот во оцврснатиот бетон под оптеретување и при температурни промени. Обликот на зрната кои имаат остри ивици кај дробениот материјал овозможува остварување на вклештување на соседните зрна, па тоа допринесува за зголемување на механичките карактеристики, посебно за зголемување на цврстината на бетонот при затегање.

Додатоци на бетонот - Адитиви

Адитиви се супстанции кои со своите физичко, хемиско или комбинирано дејство влијаат на одредени својства на свежиот или оцврснатиот бетон. Дозирањето на адитиви е обично околу 5% од масата на цементот и се додаваат при спремањето на бетонската смеса.

Најчесто користени адитиви се :

- ***Пластификатори*** се додатоци кои ги подобруваат вградливоста и обработливоста на бетонските смеси, па може да кажеме дека претставуваат регулатори на реолошките својства на свежиот бетон. Во поново време се повеќе доаѓа до примена на т.н. суперпластификатори, па и хиперпластификатори, кои овозможуваат уште позначајно намалување на количината на вода во свежиот бетон, а при тоа да не се загрози вградливоста и обработливоста на бетонот. Намалувањето на вода може да биде и преку 30%.
- ***Аеранти*** (вовлекувачи на воздух) се адитиви со кои во структурата на бетонот се формираат меурчиња (глобули) на воздух од редот на величина од 0,01-9,3 mm. Овие меурчиња рамномерно се распоредени внатре во масата на бетонот, и таквата структура условува зголемена отпорност на дејство од мраз.
- ***Затнувачи*** исто како и аерантите, може да се сметаат за адитиви регулатори на структурата на бетонот. После нивната реакција со клинкерот и материјалите, се добиваат продукти кои ги затнуваат капиларните пори во цементниот камен. На тој начин се зголемува степенот на непропустливост на оцврснатиот бетон.
- ***Акцелератори*** (забрзувачи) најчесто се соединенија на хлориди, така да најпознат и најчесто употребуван акцелератор е калциум

хлорид. Тој не влијае битно на врзувањето на цементот, но во значајна мерка го забрзува процесот на оцврснување.

- ***Ретардери*** делуваат на тој начин што околу зрната на цементот се создаваат опни (мембрани) кои го спречуваат брзото одвивање на хемиските реакции на релација цемент - вода. Најпознат и најраширен ретард е садра.
- ***Инхибитори на корозија*** се користат за намалување на корозија на челикот (арматурата) во бетонот.
- ***Антифризи*** се средства против смрзнување на свеж бетон, делуваат така што ја снижуваат точката на смрзнување на водата. Со нивна употреба се овозможува изведување на бетонирање и на температури пониски од 0 °C .

Во Нова бетонска база „Оризари“ се користат следниве адитиви:
Суперфлуид - кој се додава заради финална обработка на sидови од завршни објекти.
Хидрозим (антимраз) - кој се додава за против мрзнење, да не доаѓа до распукување на бетонот при ниски температури.

Детален опис на суровини за производство на бетон

Цемент: Алит($Ca_3O.SiO_4$), Белит(Ca_2SiO_4),Трикалциум алуминат ($3CaO.Al_2O_3$) и други компоненти.

Цемент е фино сомелено врзивно средство кое првенствено се состои од Калциум и Алуминиум силикати. Цементот и водата (Цементен малтер)оцврснуваат градејќи цементен камен, додека со песок и крупен песок (шљунак) гради бетон. За добивање на цемент се мешаат фино сомелени суровини, обично варовник и глина се додека не се постигне хомоген состав. По сува или водена постапка се хомогенизира суровото цементно брашно, а потоа се врши синтерување (печење) на цементното брашно. Откако ќе се отстрани водата и $ЦО_2$, се носи на мелење во куглични мелници и се добива цемент. Во случај на потреба на мешавината му се додаваат компоненти кои недостасуваат за да се постигне саканиот хемиски состав. Во својот состав има и $СиО_2$ и други ингредиенти во мали количини.

Молекуларна формула	Емпириска формула	Моларна маса g/mol	Изглед	Специфична тежина kg/m³
1. $Ca_3O.SiO_4$ 2. Ca_2SiO_4 3. $3CaO.Al_2O_3$	1. $Ca_3O.SiO_4$ 2. Ca_2SiO_4 3.$3CaO.Al_2O_3$	1. 228,2 2. 172,2 3. 260,2	1. Кафеав 2. Плав	1. 2.853 2. 2.378 3. 3.064
Растворливост вовода g/100ml(20° C)	Точка на топење ° C	Кристална структура	Запаливост	Класификација
1. Растворлив 2. Растворлив 3. Растворлив	1. 1070 2. 1070 3. 1542	1.Базична хексагонална стр 2.Базична хексагонална стр 3.Кубичен	1.Не запаллив 2.Не запаллив 3.Не запаллив	/ / /

Агрегат: Речен агрегат се состои од кварцити, габро-дијабази,силикатни метапесоци, Андезити-Дацити итн.

Молекуларна формула	Емпириска формула	Моларна маса g/mol	Изглед	Специфична тежина g/cm³
SiO_2	SiO_2	60,0	кафеаво црна сива боја разни гранулации	
Растворливост Во вода g/100ml(20° C)	Точка на топење ° C	Кристална структура	Запалливост	Класификација
/	/	/	Не е запаллив	/

Варовник - Агрегат: $CaCO_3$ - Дробен агрегат се состои од варовник, кој во повеќе разни фракции се користи во процесот на добивање на бетон. Калцит претставува стабилна форма на Калциум карбонат $CaCO_3$. Калцитот е еден од најшироко распространетите минерали на површината на земјата. Се одликува со сјајна и рефлектирачка површина со особини на стакло, со повеќе кристални варијанти. Може да биде бел или безбоен кога е чист, но може да биде и со слабо обојување на сива, црвена, жолта, зелена, сина, виолетова, кафеава, или црна, во зависност од различни инградиенти кои се дел од внатрешната структура на минералот.

Молекуларна формула	Емпириска формула	Моларна маса g/mol	Изглед	Специфична тежина g/cm³
$CaCO_3$	$CaCO_3$	100,08	Цврст супстанца, Безбојна, Прозрачна Провидна	2,71
Растворливост Во вода g/100ml(20° C)	Точка на топење ° C	Кристална структура	Запаливост	Класификација
Нерастворлив	825	Тригонално ромбоедрични кристали	Не е запаллив	/

Додаток: Адитив - Суперфлуид Na-β-нафталин-сулфонат-формалдехид-поликондензат. Темно кафеава течност се додава во бетонот заради подобрување на својствата.

Молекуларна формула	Емпириска формула	Моларна маса gr/cm³	Изглед	Специфична тежина g/cm³ (20° C)
Na-β нафталин-сулфонат-формалдехид-поликондензат	Na-β нафталин-сулфонат-формалдехид-поликондензат	/	Темно кафеава течност	1,15 ±0,03
Растворливост во вода g/100ml(20° C)	Сува материја	Кристална структура	Запалливост	Стабилност/ Реактивност
Се раствора	38 ± 2%	/	Не е запаллив	Стабилен при нормални услови, при екстремно високи

				температуре се ослободуваат оксиди

Додаток: Адитив -Хидрозим Калциум нитрат $Ca(NO_3)_2$ x $4H_2O$ - бела хигроскопна маса, во вода се раствора, оксидациона материја. Се додава во бетонот заради подобрување на својствата , во зимски период.

Молекуларна формула	Емпириска формула	Моларна маса gr/cm³	Изглед	Специфична тежина g/cm³ (20° C)
CaN_2O_6 x$4H_2O$	$Ca(NO_3)_2x4H_2O$	236,15	Бела маса	1,82
Растворливост во вода g/100ml(20° C)	Сува материја	Кристална структура	Запалливост	Стабилност/ Реактивност
2.660	/	/	Во контакт со согорлива материја може да предизвика пламен	Стабилен на нормални температура и притисок

МИНЕРАЛЕН СОСТАВ НА СУРОВИНИТЕ:
1.Цемент (CaO 61-67%;SiO_2 19-23%; Al_2O_3 2,5-6%; Fe_2O_3 0-6%; Сулфати 0-2%)
2. Агрегат речен или дробен камен-варовник $CaCO_3$ (0-4,4-8,8-16,16-31,5 mm)
3. Адитиви (Додатоци)
4. Вода (H_2O)

Хемиска формула: 1. Цемент
Состав: Op{t sostav na cement

	C_aO	S_iO_2	Al_2O_3	Fe_2O_3	Сулфат
%	61-67%	19-23%	2,5-6%	0-6%	0-2%

Хемиска формула: 2.1 Агрегат
Состав: Општ состав на агрегат: 2а. Песок речна

	Кварцити	Габро дијабази	Силикатни метапесоци	Андезити Дацити	Калкаренити	Варовници-доломити
%	30-37%	15-20%	9-14%	8-12%	6-10%	3-8%

Хемиска формула: 2.2 Агрегат
Состав: Општ состав на агрегат: 2б. Дробен камен варовник

	Калцит	Кварц	Доломит	Серицит, мусковит, магнетит и др. Мин.
%	80%	15%	3%	околу 2%

Хемиска формула: 3. Додаток-адитив
Состав: Суперфлуид (Нафталин -лигносулфонат кондензат)

	Na-β нафталин-сулфонат-формалдехид-поликондензат	Друго
%	99	1

Хемиска формула: 4. Додаток-адитив
Состав: Хидрозим

	$Ca(NO_3)_2$ x $4H_2O$	Друго
%	98	2

Хемиска формула: 5. Додаток
Состав: Вода

	H_2O	Друго
%	100	/

НАПОМЕНА:
1. Адитивите се опишани погоре, додека составот зависи од производителот

V ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Од работата на инсталацијата Нова бетонска база „Оризари“, воглавно не се продуцира опасен отпад.
Во текот на технолошкиот процес, како можни потенцијални загадувачи, се јавуваат: емисија од прав од складирање на гранулацијата на отворено, емисија на прашина при претовар на гранулацијата од транспортното средство во боксовите за агрегат и за песок, при црпење на гранулацијата од боксовите до каналите за дотур на материјалот во мешалката, цврст комунален отпад, бучава и вибрации кои се јавуваат од работа на самата постројка, отпадна вода која што се користи за одржување на хигиена во просториите и санитарните јазли (комунална отпадна вода), фекални отпадни води, како и масти и масла, кои што се користат за одржување на опремата.
Како методи, процеси и помошни процеси, со цел намалување и третман на загадувањето и искористувањето на отпадот, се користат следниве:

- Депонирана прашина околу постројката, дворното место и околните површини. Како резултат на работата на постројка се ослободува незначително количество на прашина. Прашината, како најгруба дисперзија на загаден воздух, како имисија се таложи на околните површини, вегетацијата и објектите но нема некое посебно штетно влијание, поради својот хемиски состав на карбонатен материјал, врз градинарските и овоштарските култури.
- Како отпадни води се јавуваат фекалните и санитарните води за одржување на просториите во објектот, хигиенски потреби на работниците и одржувањето на санитарните јазли и истите се влеваат преку систем на цевки во шахта.
- Како отпадна вода се јавува технолошка вода од миење на мешалката и камионот миксер за бетон и истата се истура во трикоморен таложник. Од трикоморниот таложник, отпадната вода не истекува, туку избистрената вода се користи во рециркулација, така што од инсталацијата, нема емисија во површинските води.
- Цврст технолошки отпад нема.
- Цврст комунален отпад се создава од хартиена и пластична амбалажа, остатоци од храна и истиот се собира во контејнер од 5 m^3. Чистењето на којтентерот го прави ДПТУ ЕКОПРОЕКТ-КО ДОО-Кочани. Инсталацијата Нова бетонска база „Оризари“, се управува согласно Законот за управување со (Сл. весник на РМ бр. 68/04).
- Мастите, кои се користат за одржување на опремата од постројката, максимално се искористуваат со тоа што не се создава отпад од истите, бидејќи истите целосно се согоруваат и се додава нова количина.
- Отпадните масла, кои се користат за одржување на опремата од постројката, се собираат во буриња во Нова бетонска база „Оризари“ и се предаваат на овластени организации за згрижување на овој вид на отпад.

Прилог V.2.1: Договор за вршење на услуга собирање и транспортирање на комунален отпад бр. 0307/24 од 28.12.2022 година, склучен со ДПТУ ЕКОПРОЕКТ-КО ДОО-Кочани;
Прилог V.2.2: Договор за превземање на секундарни моторни масла со фирмата АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ ДООЕЛ Скопје од 23.12.2022 година.

Инсталацијата **нема** сопствена депонија.

VI ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

VI.1 Емисии во атмосферата

Согласно Правилникот за максимално дозволените концентрации количини и други штетни материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување (Сл.Весник бр. 3/90), пропишаните максимално дозволените концентрации (МДК) за емисија на вкупна прашина во излезниот гас од одделна постројка не смее да биде поголема од вредноста дадена во следнава табела.

g/h	Емисионо количество	МДК mg/m^3
Над	500	50
до вклучително	500	150

Цврсти честички. Штетноста на цврстите честички се определува според нивниот гранулометриски состав:

Степен	Состав
0	>11μм
1	7-11 μм
2	4,7-7,0 μм
3	3,3-4,7 μм
4	2,1-3,3 μм
5	1,1-2,1 μм
6	0,65-1,1 μм
7	0,43-0,65 μм
8	<0,43 μм

